Врз основа на член 52 став 1 точка 1 од Законот за надзор на државната граница („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА И НА КОНТРОЛА НА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на извршување на обезбедување на државната граница и на контрола на преминување на државната граница (во натамошниот текст: гранична контрола).

## II. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

### Член 2

Обезбедувањето на државната граница се врши преку: контрола на движење на лица долж државната граница; оперативно-техничка дејност долж државната граница, како и преку оперативно-техничка дејност во внатрешноста на државата.

### Член 3

Контролата на движење на лица долж државната граница се врши преку:
- патролирање;
- позорна дејност и
- други оперативно-тактички дејствија утврдени со прописите за внатрешни работи.

### Член 4

Оперативно-техничката дејност долж државната граница опфаќа:
- зајакнат надзор на државната граница;
- заседа;
- блокада;
- рација;
- набљудување на државната граница со хеликоптер и други видови воздухоплови и
- употреба на технички уреди за набљудување на државната граница.

### Член 5

Оперативно-техничката дејност во внатрешноста на државата опфаќа:
- сообраќајни и други патроли на патишта кои водат до и од државната граница;
- контрола и престој на странци и
- соработка со други државни органи заради спречување и откривање на кривични дела и прекршоци и откривање и фаќање на нивните сторители.

### Член 6

Обезбедувањето на државната граница се врши пешки, со моторни возила како мотопатрола и комбинирано на копнените делови на државната граница, односно со пловни објекти на државната граница на езеро.

Член 7

При извршување на обезбедувањето на државната граница се користат соодветни технички уреди согласно прописите за надзор на државната граница.

III. НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА

Член 8

Гранична контрола се врши на подрачјето на граничниот премин непосредно по доаѓање на превозното средство односно патникот.

Гранична контрола може да се врши и во превозното средство при негово движење или на друго соодветно место.

Член 9

При влез во Република Македонија граничната контрола се врши пред царинската и друг вид контрола, а на излез од Република Македонија граничната контрола се врши последна по извршување на сите останати видови контроли.

**1. Гранична контрола во патен сообраќај**

Член 10

Граничната контрола во патен сообраќај, полициските службеници по правило ја вршат надвор од кабина, непосредно до возилото.

Член 11

При вршење на граничната контрола, патниците кои ја преминуваат државната граница со патнички автомобили, потребно е, по правило, да останат во возилото.

За патници кои ја преминуваат државната граница со автобус, по правило, граничната контрола се врши во самиот автобус.

Во случај на густ патен сообраќај, предност имаат патниците кои ја преминуваат државната граница во автобус, кој сообраќа по возен ред во меѓународниот линиски патен сообраќај.

**2. Гранична контрола во железнички сообраќај**

Член 12

Гранична контрола во железнички сообраќај се врши на подрачјето на граничниот премин за железнички сообраќај или при движење на возот.

Член 13

Гранична контрола во железничкиот сообраќај се врши на патници кои патуваат во меѓународниот железнички сообраќај, службените лица на операторот во железничкиот сообраќај, вклучувајќи го и железничкиот персонал на товарните возови.

Операторот во железничкиот сообраќај обезбедува соодветен број на службени лица за секој воз во меѓународниот сообраќај (патнички и товарен) кои ќе пружаат стручно-техничка помош при вршењето на граничната контрола.

Операторот во железничкиот сообраќај го известува органот што врши гранична контрола за сите дејствија и околности кои би можеле да влијаат на вршењето на граничната контрола.

Операторот во железничкиот сообраќај обезбедува услови патниците да останат во возот се додека не се изврши гранична контрола.

Член 14

Кога е потребно истовремено да се врши гранична контрола во поголем број возови, предност имаат возовите кои сообраќаат во меѓународниот сообраќај пред возовите кои сообраќаат во меѓудржавниот сообраќај, патничките пред товарните возови, редовните пред вонредните возови и влезните пред излезните возови.

## 3. Гранична контрола во воздушен сообраќај

Член 15

Гранична контрола на патници во воздушниот сообраќај и на членови на екипажот на воздухопловот по правило се врши надвор од воздухопловот на подрачје на граничниот премин на место определено за гранична контрола во аеродромската зграда, при што членовите на екипажот имаат предност пред патниците.

По исклучок од став 1 на овој член, гранична контрола може да се врши и на излез од воздухопловот.

Гранична контрола на одвоен багаж се врши во определен дел од аеродромската зграда или на аеродромската платформа покрај воздухопловот.

## 4. Гранична контрола во езерски сообраќај

Член 16

Гранична контрола во меѓудржавен езерски сообраќај по правило се врши на подрачје на граничен премин во пристаништето во кое пловниот објект впловува и исплова, како и на пловниот објект при негово движење надвор од граничниот премин.

Член 17

Заповедникот на пловниот објект ја известува полицијата за сите промени кои се однесуваат на списокот на членовите на екипажот и патниците на пловниот објект.

Заповедникот на пловниот објект го пријавува испловувањето на објектот навреме односно најдоцна два часа пред истото.

## 5. Видови гранична контрола

Член 18

Граничната контрола се врши како основна и детална гранична контрола.

## 5.1. Основна гранична контрола

Член 19

Со основна гранична контрола се опфаќаат сите лица кои ја преминуваат државната граница.

За државјаните на Република Македонија, државјаните на земјите-членки на Европската унија, Швајцарија, Европската економска заедница и членовите на нивните семејства, како и за лицата со дипломатски или службен пасош, се врши само основна гранична контрола.

Член 20

Основната гранична контрола опфаќа извршување на минимални проверки со цел:

- проверка и утврдување на идентитетот на лицата врз основа на приложените патни документи,

- проверка на исполнувањето на условите за влез и престој,
- проверки во базите на податоци (стоп листи и друго).

Член 21

По исклучок, во случај на посебни околности, на лицата од член 19 на овој правилник, се врши детална гранична контрола, кога постои:

- сомневање дека превезуваат забранети предмети;
- сомневање во нивниот идентитет;
- сомневање дека на било кој начин се поврзани со незаконско преминување на државната граница;
- сомневање дека ќе го нарушат јавниот ред, правниот поредок и националната безбедност или здравјето на луѓето.

## 5.2. Детална гранична контрола

Член 22

Со детална гранична контрола се опфаќаат државјани на кои им е потребна виза за влез во Република Македонија и државјани на други држави определени од страна на Владата на Република Македонија.

Член 23

Деталната гранична контрола претставува продолжување на основната гранична контрола и се состои од контрола на лицето, неговото превозно средство и предметите кои ги носи со себе, кога постои:

- сомневање во идентитетот на лицето;
- сомневање во исправноста на патните и друг вид документи;
- сомневање дека на било кој начин лицето е поврзано со незаконско преминување на државната граница;
- сомневање дека ќе го нарушат јавниот ред, правниот поредок и националната безбедност или здравјето на луѓето и
- сомневање дека лицето пренесува со закон забранети предмети и стоки.

Член 24

Детална гранична контрола се спроведува на посебни места на граничниот премин, во посебно одредени простории.

За извршување на детална гранична контрола полицискиот службеник може да употребува соодветни технички уреди согласно прописите за надзор на државната граница.

Член 25

Во текот на попуштање во режимот на граничната контрола, детална гранична контрола се врши на:

- државјани на кои им е потребна виза за влез во Република Македонија или за влез во државите-членки на Европската унија;
- државјани на други држави за кои важат посебни услови за влез;
- странци кај кои причината за влез во Република Македонија не е утврдена или постои можност да се поврзани со незаконско преминување на државната граница;
- сите патници за кои постои основа на сомневање во исправноста и важењето на нивните исправи за преминување на државната граница.

Член 26

Полицискиот службеник кој врши организација и водење на граничната контрола на граничниот премин, во дневникот на настани ги внесува следните информации и податоци:

- име и презиме на раководителот на смена;
- личните податоци на полицискиот персонал за гранична контрола;
- за сите попуштања во режимот на граничната контрола со детален опис на причините, времето на започнување и траење на попуштањето;
- за сите издадени пропишани документи ( пропусници, одобренија, дозволи и др.);
- за сите издадени, скратени и отповикани визи на граничниот премин;
- за приведени и задржани лица;
- за откриени прекршоци и кривични дела;
- за одбиен влез на странец во Република Македонија;
- за други полициски и казнено-процесни постапувања (предавање и преземање на странци на граничен премин);
- за жалби и преставки од лица над кои се извршени гранични проверки;
- за сите случаи на извршени детални гранични контроли;
- за сите статистички показатели за бројот на лица кои ја преминале државната границата и бројот на превозни средства;
- за други значајни настани.

Полицискиот службеник од став 1 на овој член води контролен лист за безбедносниот код на влезни и излезни штембили, имиња и презимиња на полициските службеници и втиснати штембили за вршење на гранична контрола кои полициските службеници ги користат во смените и времето кога истите биле користени, како и информација за случаи на изгубени или украдени штембили.

Член 27

Податоците за влез и излез од Република Македонија се внесуваат со втиснување штембил во исправите пропишани за преминување на државната граница.

Со втиснување штембил во исправите пропишани за преминување на државната граница се внесуваат податоци за: датумот на влез и излез од Република Македонија, начинот на преминување на државната граница на Република Македонија, називот на граничниот премин каде е извршено преминувањето на државната граница, како и податоци за одбивање на влез на странец во Република Македонија.

Член 28

Штембил се втиснува во исправите пропишани за преминување на државната граница на странците, при влез и излез од Република Македонија, заради докажување на времетраењето на престојот, освен ако поинаку не е пропишано со ратификуван меѓународен договор.

Во случаите на попуштање во режимот на граничната контрола, на барање на лицето кое ја преминува државната граница, полицискиот службеник ќе втисне штембил во исправата пропишана за преминување на државната граница.

За лицата опфатени со детална гранична контрола задолжително се втиснува штембил во исправите пропишани за преминување на државната граница.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Одредбата од членот 19 став 2 на овој правилник ќе се применува по влегувањето на Република Македонија во Европската унија.

Член 30

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење контрола на преминувањето на државната граница, движењето и престојот на граничните премини и за водењето евиденција. („Службен весник на РМ" бр. 74/92).

Член 31

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.04.2007 година.

Бр. 13.1-72486/1
25 декември 2006 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Гордана Јанкулоска,** с.р.